НЛБ Банка АД Скопје, регистрирана во Р.С. Македонија со службена адреса на ул. Водњанска бр. 1, 1000 Скопје, во име и за сметка на Преземачите: СТЕФАН СТЕПАНОСКИ, со живеалиште на ул. Тодор Александров бр. 85/1-4, Скопје, САШО ДРАКУЛОВСКИ, со живеалиште на ул. Њуделхиска бр. Б3/4-17, Скопје и АЛЕКСАНДРА МИТЕВ, со живеалиште на ул. Донбас бр. 14/1-23, Скопје, (во понатамошниот текст: Преземачи) во согласност со член 16 и член 20 од Законот за преземање на акционерски друштва, ја дава следнава

ПОНУДА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ

на 152.000 обични акции со право на глас, издадени од **Брокерска куќа ЕУРОХАУС АД Скопје**, регистрирано во Централниот регистар на Република С. Македонија со ЕМБС 6350674 и седиште на седиште на бул. Св. Климент Охридски бр. 52-А-1/5, Скопје.

1. Понудата за преземање се однесува на 152.000 обични акции со право на глас издадени од **Брокерска куќа ЕУРОХАУС АД Скопје** со ИСИН број: MKEUHA101011.
   Преземачите веќе поседува 49.000 обични акции, односно 24,38 % од вкупниот број на издадени акции.
2. Понудата се однесува на сите акционери кои поседуваат хартии од вредност издадени од целното друштво MKEUHA101011 и тоа 152.000 обични акции со право на глас. Преземачите се обврзува да ја купат секоја хартија од вредност во согласност со пропишаните и објавените услови.
3. Преземачите се обврзуваат да ги откупи хартиите од вредност кои се предмет на Понудата за преземање по цена од 15,00 денари за една акција. Согласно член 14, став 3 од Законот за преземање на акционерски друштва, понудената цена од 15,00 денари за една акција е утврдена врз основа на просечната цена постигната на Македонската берза во последните 12 месеци пред објавата на намерата за преземање.
4. На имателите на хартиите од вредност нема да им се наплатуваат трошоци за прифаќање на Понудата, односно сите трошоци во врска со Понудата за преземање ги сносат Преземачите.
5. Согласно член 34 од Законот за преземање на акционерските друштва, Преземачите депонираа парични средсва во Централниот депозитар за хартии од вредност во износ кој е доволен за да се исплатат сите имати на акции од Брокерска куќа ЕУРОХАУС АД Скопје што ја прифатиле Понудата за преземање по понудената цена.
   Централниот депозитар за хартии од вредност ги префрла паричните средства на банкарската сметка која акционерот на Брокерска куќа ЕУРОХАУС АД Скопје што ја прифатил Понудата за преземање, ја навел во писмената изјава за прифаќање на Понудата за преземање, во рок од 8 (осум) дена по приемот на решението на Комисијата за надзор на пазарот на капитал со кое се утврдува успешноста на Понудата за преземање.
6. Рокот за прифаќање на Понудата за преземање започнува да тече на денот на објавување на Понудата за преземање и завршува 28 календарски денови по започнувањето на рокот за прифаќање на Понудата за преземање.
   Рокот за прифаќање на Понудата за преземање започнува на 12.11.2026 година и завршува на 09.12.2026 година.

7. Не се определува најмала количина на хартии од вредност на кои се однесува Понудата за преземање која треба да биде прифатена за Понудата за преземање да се смета за успешна, односно Преземачот нема утврдено праг на успешност. Понудата ќе се смета за успешна без оглед на количината на хартии од вредност која ќе биде прифатена, освен во случаите предвидени во член 46 од Законот за преземање на акционерските друштва.
8. Преземачите претходно имаат добиена согласност од Комисијата за надзор на пазарот на капитал за стекнување на квалификувано учество во брокерската куќа ЕУРОХАУС АД Скопје. Со издадените решенија се одобрува на Александра Митев да се стекне со акции чиј вкупен кумулативен износ не надминува 50% од вкупниот број издадени акции со право на глас во Друштвото, додека на Сашо Дракуловски и Стефан Степаноски им се одобрува поединечно стекнување акции во износ до 30% од вкупниот број издадени акции со право на глас во Друштвото.

Овластеното правно лице кое во име и за сметка

на преземачот ја дава понудата за преземање:

НЛБ Банка АД Скопје

Катерина Илиќ Нонкуловска, Раководител на Услуги со хартии од вредност

Потпис и печат: _____

НЛБ Банка АД Скопје